# ВОДИЧ
## за комуникација и застапување

### 1. Вовед

Во рамки на овој дел од ангажманот, се предвидува изработка на сеопфатен стратешки документ кој ќе постави цврста рамка за унапредување на капацитетите и улогата на локалните медиуми и граѓанските организации во процесот на комуникација и застапување.

Водичот за комуникација и застапување има за цел да воспостави и овозможи насоки за концизна, инклузивна и партиципативна платформа за соработка меѓу медиумите, организациите на граѓанското општество (ГО) и локалните власти во Северна Македонија во однос и во врска со тековниот процес на евроинтеграција на земјата. Поконкретно, овој документ има за цел да го дефинира пристапот, целите, методологијата и алатките што ќе се користат за да се поттикне поефикасна, стратешка и координирана комуникација со локалните власти, јавните институции и поширокиот граѓански сектор.

Документот ќе послужи како практичен водич за градење долгорочни партнерства, промовирање на транспарентноста и отчетноста, и зголемување на јавната свест и вклученост во процесите на донесување одлуки на локално ниво, особено во контекст на европските интеграции.

Препознавајќи ја виталната улога што ја игра секој сектор во демократските и европските интеграциски процеси, овој документ треба да придонесе и кон подобрување на меѓусебното разбирање, да ја поттикне довербата и да промовира транспарентно управување.

Преку јасни насоки, стратешки алатки и координирани активности, стратегијата го поддржува развојот на поволна средина каде што граѓаните, медиумите и актерите на граѓанското општество се активно вклучени во обликувањето на политиките и следењето на реформите. Документот се темели на постојните национални приоритети, динамиката на локалното управување и критериумите за

европска интеграција за да се обезбеди релевантност, применливост и долгорочна одржливост.

Преку детална анализа на постоечките комуникациски практики, идентификација на предизвиците и мапирање на клучните чинители, стратегијата ќе формулира препораки и активности насочени кон:

- подобрување на видливоста и кредибилитетот на граѓанските и медиумските актери;
- развој на иновативни комуникациски алатки и пристапи;
- создавање услови за конзистентна и структурирана застапувачка активност базирана на факти и податоци; и
- градење на меѓусекторска доверба и соработка.

Овој документ, во својата примена, ќе биде поддршка не само за поефикасно спроведување на активностите поврзани со евроинтеграциите, туку и за зајакнување на демократските процеси на локално ниво.

## 2. Контекст на евроинтеграциите

Северна Македонија се наоѓа во суштинска фаза од процесот на пристапување кон Европската Унија, обележана со отворањето на кластерите за преговори и поставување на конкретни реформски цели. Овој период претставува можност, но и обврска за целото општество – вклучувајќи ги институциите, граѓанскиот сектор и медиумите, активно да придонесат кон успешно водење и комуницирање на процесот на интеграција.

Медиумите и граѓанските организации имаат клучна улога во:

- пренесувањето на точни, достапни и навремени информации до граѓаните за придобивките, обврските и текот на евроинтегративните процеси;
- поттикнувањето на јавна дебата и конструктивна критика во врска со реформите што се спроведуваат во рамки на усогласување со acquis communautaire;
- освестувањето и мобилизирањето на различни општествени групи, особено младите, жените и маргинализираните заедници, за активно учество во процесите на донесување одлуки;
- мониторингот и застапувањето на доброто управување и владеењето на правото како основни европски вредности.

Во услови на зголемени политички, социјални и економски предизвици, важно е медиумскиот и граѓанскиот сектор да го градат својот капацитет за објективно известување, стратешка комуникација и соработка со институциите. Само така може да се обезбеди транспарентен, инклузивен и доверлив процес на пристапување кон ЕУ, кој ќе биде разбирлив и релевантен за секој граѓанин.

вој документ, во својата примена, ќе биде поддршка не само за поефикасно спроведување на активностите поврзани со евроинтеграциите, туку и за зајакнување на демократските процеси на локално ниво.

## 3. Стратешки цели

Стратегијата има за цел да постави јасна рамка за ефективна, инклузивна и долгорочна комуникација и застапување од страна на медиумите и граѓанските организации во контекст на европските интеграции. Главните стратешки цели се:

*Подобрување на комуникацијата со јавноста*

Преку развивање на јасни, разбирливи и доследни пораки кои ќе ја информираат јавноста за значењето на евроинтеграциите, реформските процеси и придобивките од членството во ЕУ. Комуникацијата треба да биде приспособена на различни целни групи, да се води преку повеќе канали и да се темели на транспарентност и достапност.

*Поттикнување на застапувачки иницијативи*

Преку поддршка на локални и национални акции што се стремат кон унапредување на јавните политики, отчетноста на институциите и учеството на граѓаните. Ова подразбира иницирање на јавни дебати, подготовка на предлози и предизвикување промени преку организиран граѓански ангажман.

*Зајакнување на капацитетите на медиумите и организациите од граѓанското општество (ОГО)*

Со обезбедување на обуки, ресурси и алатки за стратешко комуницирање, справување со дезинформации, и мониторинг на процесите на интеграција. Капацитетот за истражувачко новинарство, визуелизација на податоци и дигитална комуникација е од клучно значење.

*Развивање на партнерства со локални институции*

Поттикнување на конструктивна и долгорочна соработка меѓу медиумите, ОГС и општинските власти со цел унапредување на локалното владеење, имплементација на политики поврзани со ЕУ и заедничко градење доверба кај граѓаните.комуникација бара нијансирано разбирање на разновидните вклучени целни

## 4. Клучни начела и водечки принципи

За да се обезбеди кохерентен и ефикасен пристап, овој водич односно стратегија за комуникација и застапување се темели врз следниве водечки принципи:

*Транспарентност и отчетност*

Сите комуникациски и застапувачки активности треба да бидат отворени за јавноста и јасно да ги рефлектираат изворите, целите и методите на делување. Транспарентноста создава доверба, а отчетноста ја зајакнува легитимноста на медиумите и граѓанските организации.

*Вклученост и достапност*

Стратегијата промовира еднаков пристап до информации и можности за учество, со особено внимание кон маргинализираните групи, малцинствата и граѓаните кои живеат во рурални или недоволно опфатени средини. Комуникацијата треба да биде мултилингвална, културно чувствителна и технолошки достапна.

*Заснованост врз податоци и факти*

Комуникациските пораки и застапувачките позиции треба да се потпираат на веродостојни извори, аналитика и истражувања. Овој пристап е особено важен во контекст на борбата против дезинформации и манипулативни наративи во јавниот простор.

*Институционална соработка*

За успех на комуникацијата и застапувањето, потребна е стратешка соработка помеѓу медиумите, граѓанските организации и институциите на локално и национално ниво. Ова подразбира постојан дијалог, заеднички акции и меѓусебна поддршка.

*Стратешко користење на медиумски канали*

Користењето на соодветни и разновидни комуникациски платформи – од традиционални медиуми до дигитални алатки – е клучно за допирање до различни публики. Планирањето на комуникациските активности треба да се базира на анализа на медиумската публика, нејзините навики и потреби.

## 5. Анализа на публиката и клучни пораки кои треба да се пренесат

Ефективната комуникација бара нијансирано разбирање на разновидните вклучени целни групи и засегнати страни, како и прилагодување на пораките за да одговараат на нивните специфични потреби, улоги, грижи, како и нивоа на

разбирање и влијание. Примарните целни групи и засегната страни на овој водич, согласно целите и темата на процесот вклучуваат: Локални власти; граѓански организации; медиуми; академската заедница, како и пошироката јавност и граѓаните.

- ***Локалната власт*** има улога на имплементатор на локални политики, развојни програми и проекти, како и даватели и фацилитатори на јавните услуги.

Локалните власти, вклучувајќи општински совети, јавни служби и други локални органи кои имаат директна одговорност за спроведување на политики поврзани со европската интеграција и подобрување на квалитетот на живот. Тие се и клучна публика и потенцијален партнер во имплементацијата на стратешките пораки.

За оваа целна група од исклучителна важност е да се споделат информации и насоли кои се јасни препораки за политики, застапување засновано на докази и јавна поддршка.

Алатките за комуникација за оваа целна група треба да се фокусираат на кратки извештаи за политиките, резимирани анализи, спроведување на форуми и работни групи, како и состаноци лице в лице.

- ***Граѓанските организации (ГО)*** најчесто преземаат улога и активности како застапници на правата на граѓаните, аналитичари и монитори на јавните политики и давателите на услуги, како на локално така и на централно ниво.

  За ГО како целна група при комуникација и јакнење на капацитетите за застапување е потребно да се овозможи солиден пристап до клучни информации, сеопфатни и компаративни анализи, како и можности за соработка и развој на капацитети.

  Процесите на комуникација и застапување во однос на ГО како целна група се овозможуваат преку организација и одржување на работилници за градење капацитети, јавни форуми и конференции, како и кампањи за застапување и заеднички иницијативи.

- ***Медиумите*** покрај нивната функција како клучни средства за информирање на јавноста, често пати се поставуваат успешно и во улога на негуватели и промотори на отчетноста и креатори на реформатоски агенди на политики и промени, како во институциите така и заедницата.

  Процесите на вклученост на оваа целна група односно медиумите во процеси на комуникација и застапување за одредени прашања и политики бараат да се овозможат навремени, детални и точни податоци, високо ниво на транспарентност, како овозможување на уредничка независност.

  Најчести мерки и алатки за комуникација на медиумите се соопштенија за јавност, новинарски брифинзи, разни програми и емисии, ауди-визулени алатки и други медиумски продукти.

**- *Граѓаните*** се директни корисници на информации, а понекогаш и активни учесници во разните процеси на донесување на одлуки и креирање на политики, било како учесници на разни активности и граѓански иницијативи во заедницата, така и како гласачи, даночни обврзници, корисници на услуги и придонесувачи во јавниот дијалог.
За ефективна и успешна комуникација со граѓаните е потребно да се овозможат лесно разбирливи информации, да се овозможат нови и инклузивни платформи, како и да се обезбеди значајно учество за да се постигне поголемо влијание.
За таа цел граѓаните често преферираат и за нив се најкорисни едноставни и лесно достапни средства за информирање и комуникација како што се јавни форуми, социјални медиуми, инфографици и партиципативни алатки.

- *Млади, жени и ранливи категории*

Овие групи често се недоволно информирани или претставени во јавниот дискурс, но се критични за иднината на земјата. Стратегијата предвидува посебни пристапи за мобилизација и информирање на овие категории, преку достапни формати, едукативни активности и вклучување во јавни процеси.

- *Заедници во рурални и етнички мешани средини*

Специфични заедници кои имаат ограничен пристап до информации и учество. Потребно е стратегиската комуникација да биде прилагодена на локалниот контекст, јазик и културни специфики, со цел вклучување на сите граѓани, независно од географската или етничката припадност.

**Клучни пораки:**

- Локалното управување најдобро функционира кога сите засегнати страни се активно вклучени.
- Транспарентноста и отчетноста се камен-темелници на демократското општество.
- Медиумите и граѓанските организации помагаат да се премости јазот меѓу граѓаните и институциите.
- Граѓанскиот ангажман е право и одговорност за сите граѓани.
- Интеграцијата во ЕУ бара заедничка посветеност и информирано учество.

## 6. Методи на комуникација

За да се обезбеди ефикасно застапување и информирање на јавноста, методите на комуникација мора да бидат диверзифицирани и прилагодени на контекстот на секоја целна публика.
Затоа, за да се постигнат соодветните зададени цели следните методи и форми на комуникација треба да бидат приоритетни:

- Овозможување на директен дијалог меѓу граѓаните и локалните донесувачи на одлуки преку одржување на редовни состаноци на граѓаните и јавни консултации. Тие треба да бидат закажувани редовно и широко промовирани.
- Спроведување и следење на кампањи на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм и Јутјуб) за да се допре до поширока публика, особено младите и да споделуваат мултимедијални содржини за реформите и граѓанските права.
- Воспоставување и одржување на платформи на соработка преку разни онлајн форуми и дигитални алатки што им овозможуваат на граѓаните и засегнатите страни заедно да креираат локални политики и да го следат нивното спроведување.
- Одржување на заеднички прес-конференции и брифинзи за медиумите за обезбедување точни, навремени и координирани информации за пресвртниците во реформите, јавните консултации и напорите за интеграција во ЕУ.
- Креирање и дистрибуција на образовни материјали и сетови на алатки за промоција, како што се флаери, водичи и објаснувачки видеа прилагодени за публика што не е експерт.
- Организација и спроведување на програми за градење капацитети на задаените целни групи, како што се организирање обуки за медиумски професионалци и претставници на граѓански организации за застапување базирано на докази, новинарство врз основа на податоци и партиципативно управување.
- Организација на разни партиципативни настан, како што се дебати или форуми во заедницата, граѓански собири и слични јанви средвби, кои што може да бидат дизајнирани и прилагодени за да го зголемат вклучувањето на јавноста во управувањето.

Ефективната комуникација зависи од изборот и користењето на соодветни канали и алатки кои овозможуваат пристап до различни целни групи, со соодветна содржина и форма. Во рамките на оваа стратегија, се предвидува користење на следниве канали и алатки:

*<u>Телевизија, радио и печатени медиуми</u>*

Традиционалните медиуми и понатаму играат клучна улога, особено за населението кое нема редовен пристап до интернет. Локалните радио и ТВ станици, како и неделните весници, се важни алатки за пренесување на информации за евроинтеграцијата на разбирлив и локализиран начин.

*<u>Социјални мрежи и веб-платформи</u>*

Онлајн медиумите и платформите како Facebook, Instagram, YouTube и TikTok овозможуваат брзо, интерактивно и визуелно комуницирање, особено со младите и урбаното население. Веб-страници и блогови на организациите, како и специјализирани е-алатки, ќе се користат за објавување на анализи, истражувања и информации од јавен интерес.

*Јавни форуми и трибини*
Организирање на настани со присуство на граѓани, претставници на институции и експерти со цел дискусија, поставување прашања и размена на ставови. Овие настани поттикнуваат директна комуникација и градење доверба помеѓу различните актери.
*Инфографици, видеа и подкасти*
Креативни формати кои визуелно и интерактивно пренесуваат информации. Инфографиците овозможуваат брзо разбирање на комплексни податоци, видеата можат да раскажат човечки приказни, а подкастите создаваат простор за подлабоки разговори и анализа.
*Обуки и кампањи за подигање на свеста*
Планирање и реализација на едукативни сесии, обуки за комуникациски вештини, медиумска писменост, како и јавни кампањи кои ќе ја приближат европската агенда до секојдневието на граѓаните. Кампањите треба да бидат темелени на вредности и емпатија, со јасно дефинирани пораки и цели.

## 7. Следни чекори

Имплементацијата на упатствата презентирани со овој водич ќе биде организирана во четири различни фази:
**Фаза I: Вклучување и мобилизација на засегнатите страни**
- Мапирање на клучните засегнати страни и формирање инклузивна работна група
- Свикување на воведни состаноци за обезбедување на усогласеност и прифаќање.

**Фаза II: Развој и пилотирање на комуникациски алатки**
- Дизајнирање на алатки и шаблони за комуникација, материјали за информирање и формулари за следење.
- Пилотирање на активности во две избрани општини и одредени целни групи за обезбедување на повратни информации и евентуални равидирање и подобрување на пристапот или применетите алатки во процесот

**Фаза III: Зајакнување на капацитетите**
- Организирање на прилагодени обуки врз основа на проценка на потребите
- Олеснување на меѓусекторските размени и споделување на најдобри практики

**Фаза IV: Институционализација и проширување**
- Интегрирање на успешните практики во стратегиите за локален развој.
- Следење и евалуација го влијанието со фокус на одржливост и прилагодливост.

## 8. Имплементација и мониторинг

Спроведувањето на стратегијата ќе биде структуирано преку годишни планови за дејствување, кои ќе ги содржат конкретните активности, рокови, одговорни актери,

потребни ресурси и очекуваните резултати. Овие планови ќе обезбедат флексибилност во реализацијата, но и јасна насока и динамика за сите вклучени страни.

Во рамките на имплементацијата ќе се применуваат следниве механизми:

*Индикатори за успех*

За секоја стратешка цел ќе се утврдат мерливи индикатори (количински и квалитативни) како што се број на медиумски појавувања, организирани јавни настани, вклучени учесници, создадени комуникациски алатки и слично.

*Механизми за повратна информација*

Ќе се воспостави систем за собирање мислења, предлози и реакции од засегнатите страни (медиуми, ОГС, институции, граѓани) преку онлајн прашалници, интервјуа, фокус групи и јавни консултации. Овие информации ќе служат за подобрување на ефективноста на стратегијата.

*Периодични извештаи за напредок*

Се предвидува изработка на квартални или полугодишни извештаи кои ќе дадат преглед на спроведените активности, степенот на реализација на планираните цели и препораки за адаптација на пристапот. Овие извештаи ќе бидат достапни и јавно, заради поттикнување на транспарентност и отчетност.

*Вреднување и ревизија на стратегијата*

На крајот на секоја година, ќе се спроведе процес на внатрешно вреднување (self-assessment) и ако е потребно, ќе се направи ревизија на планот или стратегијата во целост, во зависност од контекстуалните промени и новите предизвици.

Имплементацијата и мониторингот ќе бидат клучни не само за следење на напредокот, туку и за одржување на високо ниво на доверба и вклученост на заедницата.

## 9. Заклучоци и препораки

Со оваа стратегија или водич за комуникација и застапување се поставуваат темелите за поефикасна, поинклузивна и поодговорна комуникација и застапување во процесите на европска интеграција. Таа претставува алатка за градење капацитети, зајакнување на партнерствата и овозможување структурирано учество на сите засегнати страни – особено локалните медиуми и граѓанските организации.

Насоките презентирани во овој документ нудат структуриран пат кон поинклузивна, транспарентна и поефикасна комуникација и застапување меѓу клучните демократски актери во Северна Македонија. Тие обезбедуваат заедничка визија, оперативни насоки и мерливи цели што ја зајакнуваат меѓусебната одговорност и јавната доверба.

***Клучни препораки:***

- Институционализирајте редовни форуми за дијалог и заедничко планирање.
- Дајте приоритет на инклузивната комуникација што ја зема предвид различноста на локалното население.
- Доделете соодветни ресурси и обука за да се одржи долгорочната имплементација.
- Следете го напредокот користејќи квалитативни и квантитативни индикатори и прилагодете се соодветно.
- Усогласување на комуникациските напори со пошироката рамка на реформите за интеграција во ЕУ.

Со спроведување на овие Насоки, сите засегнати страни можат значително да придонесат за зајакнување на демократското управување, зголемување на граѓанскиот ангажман и обезбедување непречен и партиципативен пат кон членство во Европската Унија.

Преку јасни насоки, дефинирани цели и конкретни механизми за спроведување и следење, стратегијата овозможува:

- приближување на ЕУ-процесите до граѓаните;
- создавање култура на јавна дебата и учество;
- борба против дезинформации и изградба на доверба; и
- поттикнување на соработка меѓу граѓанскиот и институционалниот сектор.
- Во суштина, овој документ претставува повик за заедничка акција и заедничка одговорност во креирање на едно информирано, демократско и европско општество.

Документот го подготвија:
Фисник Шабани, независен консултант
Флорент Бајрами, независен консултант

Оваа истражување направено како дел од проектот “Градење мостови: Унапредување на дијалогот за европската иднина на Македонија“ имплементиран од Здружението Инситут за демократија и развој – Пулсот на демократијата, во рамки на програмата „Медиумите за ЕУ“ кој го спроведува Евротинк, во партнерство со АЛДА и БИРЦ, со финансиска поддршка од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на никаков начин не мора да  ги одразуваат ставовите на Граѓански ресурсен центар или на другите имплементатори и донаторот.

## Анекс 1: Образец за сеопфатен акциски план за комуникација и застапување

Овој акциски план (матрица) служи како практична алатка за планирање и координација за засегнатите страни да ја преточат стратегијата во опипливи активности. Секоја планирана акција треба да биде прилагодена на специфичните потреби, капацитети и приоритети на локалниот контекст.

| **Активност** | **Цели** | **Одговорни засегнати страни** | **Временска линија** | **Потребни ресурси** | **Очекувани резултати** | **Индикатори за следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| На пр. Спроведување на јавна расправа за приоритетите на реформите на ЕУ | Подигање свеста и собирање на јавни мислења за реформите поврзани со ЕУ | Општински совет, локални граѓански организации, лидери на заедницата | јуни – август 2025 година | Локација, опрема, материјали за информирање, фасилитатори/модератори | Подобрено разбирање на граѓаните за реформите на ЕУ | Број на учесници, анкети за повратни информации |
| На пр. Спроведување на кампања на социјалните медиуми за граѓански права | Едукација на граѓаните за нивните права и одговорности | Локални младински граѓански организации, медиумски партнери | септември - октоври 2025 година | Проектен тим, ПР компанија или партнер, буџет за рекламирање, услуги за превод | Зголемено граѓанско учество онлајн и офлајн | Матрица за ангажман, одговори на анкети |
| ...... | | | | | | |